Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03 - 2985 / 1
Дата/data 05.11.2024

Архивски знак: 0305
Период на чување: Знак
Датум на архивирање: 13.11.2024
Потпис,

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGJIENA KOMUNALE - SHKUP

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај
## со показатели за финансиското работење за период јули-септември 2024 година на ЈП Комунална хигиена-Скопје

ОКТОМВРИ/ 2024 ГОД.

# ВОВЕД

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | **ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Скопје** |
| Седиште на субјектот: | **ул. Боро Тодоровиќ бр.2** |
| ЕДБ на субјектот: | **МК 4030992102919** |
| Идентификационен број: | **4528972** |

**Основање / правна форма**

Јавното претпријатие ЈП Комунална хигиена –Скопје е организирано со Одлука за поделба на ЈКП Комуналец – Скопје број 02-8800/7 од 08.10.1992 година и е запишано во судски регистар кај Окружниот Стопански суд во Скопје со Решение СРЕГ бр.16602/92 од 29.12.1992 година.

Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје се усогласи со Законот за јавни претпријатија согласно Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр. 28/04; измени и дополнувања во 84/05, 71/06, 84/05, 25/07, 87/08) при што е упишано во Трговскиот регистар на регистарскиот суд од 03.10.2001 год. со Трег.бр.1470/2001.

Основач и сопственик на Јавното претпријатие е Град Скопје со седиште на Бул. Илинден бр.82 .

Од Март 2012 год. Претпријатието успешно ги воведе и имплементира барањата на Стандардот ISO 9001 за што доби и Сертификат, кој успешно го одржува до денес.

Во тек на 2018 г .ЈП Комунална хигиена се стекна со **Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот MKCEN ISO 9001:2015** и ги продолжува активностите за имплементирање на барањата на новиот модел 14001:2015.

Ова само ја потврдува стратешката определба на претпријатието и менаџерскиот тим за постојано унапредување и подобрување на работењето и задоволувањето на барањата на корисниците и законските прописи.

**ДЕЈНОСТ**

Јавното претпријатие Комунална хигиена-Скопје врши дејност согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот,Закон за јавна чистота и Националната класификација на дејности со следните називи на дејност:

Шифра на дејноста на ЈП Комунална хигиена е:

**38.11 – Собирање на безопасен отпад;**

| | | |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 240100112347461 | Уни Банка Скопје |
| Девизна сметка | 0730070100069274<br>1-027010006927 | Комерцијална банка АД-Скопје |
| Наменска денарска сметка | 300-000004434973 | Комерцијална банка АД-Скопје |
| Донаторска денарска сметка | 300-000004811139 | Комерцијална банка АД-Скопје |

Средствата за работење на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје во најголем дел се обезбедуваат од цената што корисниците ја плаќаат за извршената услуга (собирање и транспортирање на комунален отпад) од физички лица –домаќинства и правни лица –стопански и нестопански субјекти.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување на ЈП Комунална хигиена – Скопје се:

- **Управен одбор** составен од **12 члена**, со мандат од 4 години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје.

- **Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење** составен од **5 члена** , со мандат од 4 години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје.

- **Директор**, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

ЈП Комунална хигиена во правниот промет со трети лица има неограничени овластувања и целосна одговорност, а како овластено лице за застапување е директор **Гоце Трајковски** заклучно до 07.08.2024 година. Од 08.08.2024 година за вршител на должност е именуван **Јетон Незири.**

## 1.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Бројот на вработените во ЈП Комунална хигиена според Извештајот на Одделение за персонална евиденција на ден 30.09.2024 година изнесува 973 вработени . Движењето на работната рака за овој период е следна:

| | |
|---|---|
| - Состојба на ден 01.01.2024 год | 1021 работници |
| - Вработен по пат на јавен оглас (17.01.2024 г.) | +1 работник |
| - Отидени работници по разни основи | - 52 работници |
| - Вратени работници од неплатено отсуство | + 3 работници |
| **Состојба на ден 30.09.2024 год.** | **973 работници** |

Бројот на отидени работници за разгледуваниот период изнесува 52 работници на кои работниот однос им престанал по следните основи:

- по основ на старосна пензија........................ 29 работници
- по основ на инвалидска пензија.................... 1 работник

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Останати приходи | 15.415.668 | 20.691.367 | -5.275.699 | 74,50 |
| 6 | **II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **334.193.563** | **299.865.056** | 34.328.507 | 111,45 |
| 7 | Трошоци за суровини и др. Материјали | 39.715.806 | 36.604.778 | 3.111.028 | 108,50 |
| 8 | Набавна вредност на продадени стоки | | | | |
| 10 | Услуги со карактер на мат.трошоци | 53.051.155 | 48.855.340 | 4.195.815 | 108,59 |
| 11 | Останати трошоци од работењето | 64.036.152 | 33.259.684 | 30.776.468 | 192,53 |
| 12 | Трошоци за вработени | **152.657.827** | **149.790.365** | 2.867.462 | 101,91 |
| 12.а | Плати и надоместоци на плата (нето) | 149.402.803 | 144.365.879 | 5.036.924 | 103,49 |
| 12.г | Останати трошоци за вработените | 3.255.024 | 5.424.486 | -2.169.462 | 60,01 |
| 13 | Амортизација на материјални и нематер. Средства | 23.840.074 | 26.858.857 | -3.018.783 | 88,76 |
| 15 | Вредносно усогласување на нетековни средства | 886.892 | 3.727.816 | -2.840.924 | 23,79 |
| 17 | Останати расходи од работењето | 5.657 | 768.216 | -762.559 | 0,74 |
| 18 | **III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **3.685.024** | **4.265.310** | -580.286 | 86.40 |
| 21 | Приходи по основ на камати од работење со НД | 3.685.024 | 4.265.244 | -580.286 | 86.40 |
| 24 | Останати финансиски приходи од работ.со НД | 80 | 66 | 14 | 120,58 |
| 25 | **IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **5.463.217** | **1.198.376** | 4.264.841 | 455.89 |
| 27 | Расходи по основ на камати со НД | 5.463.217 | 1.198.376 | 4.264.841 | 455.89 |
| 28 | Расходи по основ на курсни разлики | | | | |
| 34 | Добивка од редовното работење | | **23.591.652** | | |
| 35 | Загуба од редовното работење | **16.275.187** | | | |
| 38 | Добивка пред оданочување | | 23.591.652 | | |
| 39 | Загуба пред оданочување | | | | |
| 40 | Данок на добивка | | **1.320.263** | | |
| 43 | **НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНА ГОДИНА** | | **22.271.389** | | |
| 44 | **НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНА ГОДИНА** | **16.275.187** | | | |

**Вкупните приходи** за овој квартал се 323.381.593,00 и се за 0,39% пониски во однос на 2023 година додека пак приходите кои се остваруваат од основната дејност се зголемени за 1,53%. Намалувањето на вкупниот приход во 2024 година произлегува од останатите приходи од работењето кои се намалени за 25,50% во однос на 2023 година а се резултат на намаланата наплата на тужени побарувања .

Финансиските приходи се намалени за 13,60% а се однесува на приходи остварени по основ на фактурирана законски казнена камата за задоцнето плаќање на редовни побарувања и наплатена камата од тужени побарувања.

**Вкупните расходи** во износ од 339.656.780,00 денари во 2024 во однос на 2023 се зголемени за 12,82%.

Расходите од работењето се зголемени за 11,45% а произлегуваат од следното:

- зголемени трошоци за суровини и материјали за 8,50% во кои спаѓаат електрична енергија, гориво, резервни делови, авто гуми, ЛЗО и останати материјални трошоци;
- услугите со карактер на материјални трошоци се зголемени за 8,59% во кои спаѓаат услугите за тековно одржување, репарација на контејнери, депонирање на отпад, транспортни услуги (поштенски и телефонски) и останати услуги;
- останатите трошоци од работењето се зголемени за 92,53% а најповеќе произлегуваат од трошоци за личниот доход на ангажираните лица преку АПВ (зголемен број во однос на 2023 година за 104 вработени), трошоци за правни, адвокатски и нотарски услуги, банкарски и провизии за АПВ.

Во Извештајот за финансиска состојба на 30.09.2024 година, активата и пасивата се зголемени за 57,96% во однос на 30.09.2023 година а се должи на следното:

**Тековните средства** се зголемени за 9,91% а се резултат на:

- намалени залихи за 5.220.579,00
- зголемени побарувања од купувачи за 31,03%
- намалени побарувања од државата за 2.903.781,00

**Паричните средства** за истиот квартал во однос на 2023 година, се намалени за 1.723.384,00 денари.

Во пасивата зголемувањето е следно:

**Главнината и резервите** се намалени поради остварената загуба во овој квартал од 16.275.187,00 денари во однос на 2023 година кога е остварена добивка од 22.271.389,00 денари.

**Вкупните обврски** се зголемени за 637,68% и тоа:

- најголемо зголемување има кај краткорочните обврски спрема добавувачи за 65.309.176,00 денари поради недостиг на финансиски средства за подмирување на обврските,
- намалени се вкупните обврски кон вработените за 5.192.225,00 по основ на бруто личен доход
- намалени даночни обврски за 3.934.789,00 денари и
- намалени ПВР за 15,25%

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.-30.09.2024**

**Според Извештајот за добивка или загуба (Билансот на успех) ЈП Комунална хигиена - Скопје во период од 01-09/2024 година ги оствари следните финансиски резултати:**

| | |
|---|---|
| **Остварени вкупни приходи** | **996.890.826** |
| 1. приходи од работењето | 982.230.881 |
| 2. финансиски приходи | 14.659.945 |
| **Остварени вкупни расходи** | **1.029.326.463** |
| 1. расходи од работењето | 1.019.421.905 |
| 2. финансиски расходи | 9.904.558 |
| **Загуба пред оданочување** | **-32.435.637** |

Јавното претпријатие Комунална хигиена - Скопје за периодот I-IX-2024 год.оствари негативен финансиски резултат во износ од 32.435.637,00 денари.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 403 | Приходи по основ на камати по тужби -КХС | 4.877.806,00 | 0,49 | 7.244.344,00 | 0,73 | -2.366.538,00 | 67,33 |
| **776** | **Прих. од дивиденди** | **7.320,00** | **0,00** | **6.100,00** | **0,00** | **1.220,00** | **120,00** |
| **779** | **Останати финан.приходи од работ.** | **252,00** | **0,00** | **6.163,00** | **0,00** | **-5.911,00** | **4,09** |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ I+II** | **996.890.826,00** | **100,00** | **998.544.210,00** | **100,00** | **-1.653.384,00** | **99,83** |

ЈП Комунална хигиена во периодот I-IX-2024 год. оствари **вкупни приходи** во износ од 996.890.826,00 ден. и во однос на остварените приходи во истиот период 2023 година во износ од 998.544.210,00 ден. бележи намалување за 0,17%.

Остварените **приходи од работењето** во периодот I-IX-2024 год бележат намалување за 0,27% во однос на 2023 година.

**Приходот кој претпријатието го остварува од вршењето на основната дејност** има најголемо учество во вкупните приходи од 90,44% (2023г.- 89,28%) и во однос на претходната година е зголемен за 9.997.610,00 денари, односно за 1,12.%. Овој приход е остварен од фактурирање на услугите за собирање и транспортирање на комунален отпад од домаќинства и стопански субјекти на територијата на град Скопје и од рурални средини.

Приходот остварен од **стопанство** е зголемен за 6.621.063,00 денари, односно за 1,82%. Овој приход е остварен од фактурирање за услугите за собирање и транспортирање на комунален отпад на стопански субјекти на територијата на Град Скопје по м$^2$ и приходот од подигање комунален отпад од контејнери од 1,1м$^3$ и од 5м$^3$ на правни лица.

| к-то | Приход од стопанство | I-IX-2024 | стр. | I-IX-2023 | стр. | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | | 3 | | 4(2-3) | 5(2:3) |
| 7400 | Приход од смет фирми | 360.430.138,00 | 97,49 | 351.569.272,00 | 96,83 | **8.860.866,00** | **102,52** |
| 74004 | Приход од подигање смет од 1,1 м$^3$ | 4.494.752,00 | 1,22 | 5.232.188,00 | 1,44 | **-737.436,00** | **85,91** |
| 74005 | Приход од подигање смет од 5 м$^3$ | 4.788.315,00 | 1,30 | 6.290.682,00 | 1,73 | **-1.502.367,00** | **76,12** |
| | **Вкупно** | **369.713.205,00** | **100,00** | **363.092.142,00** | **100,00** | **6.621.063,00** | **101,82** |

Приходот од **домаќинство** е зголемен за 9.392.710,00 денари, односно за 1,81% како резултат на зголемен физички обем на услуги.

| к-то | Приход од домаќинство | I-IX-2024 | стр. | I-IX-2023 | стр | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | | 3 | | 4(2-3) | 5(2:3) |
| 7400 | Прих. од домаќин.смет-Водовод ( со рурални) | 489.377.366,00 | 92,83 | 481.330.395,00 | 92,96 | 8.046.971,00 | **101,67** |
| 74001 | Приходи од домаќин.-рурални КХС | 22.670.650,00 | 4,30 | 22.953.978,00 | 4,43 | -283.328,00 | **98,77** |
| 74002 | Приходи од домаќин.смет-КХС | 15.143.862,00 | 2,87 | 13.514.795,00 | 2,61 | 1.629.067,00 | **112,05** |
| | **Вкупно** | **527.191.878,00** | **100,00** | **517.799.168,00** | **100,00** | **9.392.710,00** | **101,81** |

**Приходот од други услуги** бележи намалување за 26,99%, додека **Приходот од селектиран отпад по чл.32** е зголемен за 429,39% и се по основ на селектиран отпад и приход остварен од извршената продажба на расходованите основни средства за период од 2020-2022 година.

**Приходот од субвенции** е зголемен поради тоа што средствата за оваа намена согласно Одлуката за давање согласност на Програмата за дополнителни активности за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје бр. 27-3367/1 од 30.03.2023 (за подобро и поквалитетно одржување на јавните сообраќајни површини- миење и метење), за времено ангажираните лица преку Град Скопје, Согласно усвоениот буџет на Град Скопје за 2023 година и Програмата и по овој основ беа времено ангажирани лица за период од 01.04-31.12/2023 година , врз основ на поднесена тужба се **наплатија во 2024 година**. Во првото полугодие од 2023 год. просечниот број на ангажирани лица преку Градот изнесуваше 80 работници.

**Приходот по основ на донации** е намален за 7,63% , и е во висина на пресметаната амортизација за период 01-09/2024 година, на средства претежно добиени од градот како донација во минати години, а се строго наменски за обавување на основната дејност на претпријатието- хигиена и заштита на животната средина.

**Финансиските приходи на вкупно** се зголемени се за 7,54% или во апсолутен износ од 1.027.532,00 денари. Овие приходи претежно се по основ на фактурирана камата за редовни сметки за ненавремено плаќање на доспеан долг и наплатена камата за тужени побарувања од правни и физички лица за сметки кои се изготвуваат преку ЈП Комунална хигиена.

| К-то | ОПИС | I-IX-2024 | I-IX-2023 | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(2-3) | 5(2:3) |
| **774** | **Приходи по основ на камати** | **14.652.373,00** | **13.620.150,00** | **1.032.223,00** | **107,58** |
| **77400** | Приходи од камати од работењето | 81,00 | 101,00 | -20,00 | 0,00 |
| **77401** | Приходи од камати- домаќинство Водовод | 4.330.438,00 | 3.829.349,00 | 501.089,00 | 113,09 |
| **77402** | Приходи од камати - редовни сметки | 5.444.048,00 | 2.546.356,00 | 2.897.692,00 | 213,80 |
| **77403** | Приходи од камати по тужби -КХС | 4.877.806,00 | 7.244.344,00 | -2.366.538,00 | 67,33 |

**Вкупните расходи** за период I-IX-2024 година, изнесуваат 1.029.326.463,00 ден. и во однос на истиот период 2023 година - 1.067.087.630,00 ден. се намалени за 37.761.167,00, односно за **3,54%**.

| К-то | ПОЗИЦИЈА | I-IX-2024 | стр. | I-IX-2023 | стр. | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(2-4) | 7(2:4) |
| I | **Расходи од работењето (1-7)** | **1.019.421.905,00** | **99,04** | **1.063.620.841,00** | **99,68** | **-44.198.936,00** | **95,84** |
| **1** | **Трошоци за суровини и други материјали** | **117.316.142,00** | **11,40** | **106.526.357,00** | **9,98** | **10.789.785,00** | **110,13** |
| 400 401 | Потрошени материјали за тековно одржување | 11.664.868,00 | **1,13** | 12.299.472,00 | 1,15 | -634.604,00 | 94,84 |
| 403 | Потрошена енергија | 64.450.509,00 | **6,26** | 56.630.817,00 | 5,31 | 7.819.692,00 | 113,81 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 19.899.648,00 | **1,93** | 22.058.352,00 | 2,07 | -2.158.704,00 | 90,21 |
| 408 | Потрошен ситен инвентар, ЛЗО и автогуми | 21.301.117,00 | **2,07** | 15.537.716,00 | 1,46 | 5.763.401,00 | 137,09 |
| **2** | **Услуги со карактер на материјални трошоци** | **162.820.843,00** | **15,82** | **153.187.390,00** | **14,36** | **9.633.453,00** | **106,29** |

однос на минатата година за 37,09%.Ова зголемување произлегува од тоа што е извршена тековна замена на авто гуми за СКВ во разгледуваниот период во 2024 година и издадена летна ЛЗО, зимски ветровки, како и обновени униформи за вработените во одделението за општи работи(обезбедување, портири и чувари).

| к-то | Опис | I-IX-2024 | I-IX-2023 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| 40801 | Потрошен ситен инвентар во употреба | 9.390.412,00 | 5.032.920,00 | 4.357.492,00 | 186,58 |
| 40821 | Авто гуми за тешки и лесни возила | 11.910.705,00 | 10.504.796,00 | 1.405.909,00 | 113,38 |
| | **Вкупно** | **21.301.117,00** | **15.537.716,00** | **5.763.401,00** | **137,09** |

Вкупно потрошените материјали за тековно одржување се намалени за 5,16%. Овој трошок опфаќа канцелариски материјал, потрошени материјали за тековно одржување на возила, потрошен глицерин, материјали за поправка на контејнери и издадени вградените тркала за контејнери, издадени полски метли за одржување на јавната хигиена, како и средства за чистење, дезинфицирање и одржување на возниот парк и работните простории.

Трошоците за **резервни делови** за специјалните комунални возила и одржување на возниот парк во функција, се намалени за 9,79%.

2. **Услугите со карактер на материјални трошоци,** кои се неопходни за оптимално функционирање на претпријатието, се зголемени за 6,29%, како резултат на зголемени транспортни услуги за 11,47% и останати услуги за оперативно работење за 11,05%, (во кои се содржани зголемените трошоци за депонирање за 14,39% во однос на 2023 година, како и зголемување кај трошоците за исплатените плати кон ЈП Водовод и канализација за 10,91%).

| К-то | Услуги со карактер на материјални трошоци | I-IX-2024 | I-IX-2023 | разлика | инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Транспортни услуги** | **9.829.014,00** | **8.817.307,00** | **1.011.707,00** | **111,47** |
| **2.** | **Усл.за тековно одржување** | **24.889.905,00** | **28.225.043,00** | **-3.335.138,00** | **88,18** |
| **3.** | **Наемнини** | **7.859.056,00** | **7.862.397,00** | **-3.341,00** | **99,96** |
| **4. 415,417 419** | **Останати услуги** | **120.242.868,00** | **108.282.643,00** | **11.960.225,00** | **111,05** |
| **415-417** | **Останати трошоци** | **1.143.023,00** | **1.137.708,00** | **5.315,00** | **100,47** |
| 415 | Трошоци за вода, ком.усл. | 1.143.023,00 | 1.111.628,00 | 31.395,00 | 102,82 |
| 417 | Трош.за реклама и пропаганда | 0,00 | 26.080,00 | -26.080,00 | 0,00 |
| **419** | **Останати други услуги** | **119.099.845,00** | **107.144.935,00** | **11.954.910,00** | **111,16** |
| 41902 | Над.за јавни патишта | 619.074,00 | 724.933,00 | -105.859,00 | 85,40 |
| 41900 41903 | Занаетч.услуги од други и др.усл. | 8.000,00 | 124.068,00 | -116.068,00 | 6,45 |
| 41905 41906 | Патарина,трош.за паркирање | 250.255,00 | 212.518,00 | 37.737,00 | 117,76 |
| 41912 | Трош.за депонирање-Дрисла | 86.591.247,00 | 75.699.930,00 | 10.891.317,00 | 114,39 |

3. **Останатите трошоци од работењето** за периодот I-IX-2024 год. во однос на истиот период 2023 год. во целина се зголемени за 46.235.552,00 денари.

| к-то | Опис | I-IX-2024 | I-IX-2023 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 442 | Персонален данок по разни основи | 124.456,00 | 239.122,00 | -114.666,00 | 52,05 |
| 44203 | Персонален данок за исплата на регрес за 2023 | 162.825,00 | 1.797.154,00 | -1.634.329,00 | 9,06 |
| 442 | Надомест на членови од Управен Одбор и Надзорен Одбор | 1.260.000,00 | 1.260.000,00 | 0,00 | 100,00 |
| 443, 444 | Спонзорства, донации и репрезентација | 4.000,00 | 182.747,00 | -178.747,00 | 2,19 |
| 445 | Премии за осигурување | 2.651.938,00 | 2.048.744,00 | 603.194,00 | 129,44 |
| 446 | Банкарски услуги | 9.836.090,00 | 6.868.880,00 | 2.967.210,00 | 143,20 |
| 447 | Даноци, придонеси, член. | 176.160,00 | 248.269,00 | -72.109,00 | 70,96 |
| 44900 - 44906 | Смет.и финан.правни, нотар, превод, преписи,вештачење | 10.465.741,00 | 12.354.280,00 | -1.888.539,00 | 84,71 |
| 44907 | Трошоци за суд.такси | 709.014,00 | 660.022,00 | 48.992,00 | 107,42 |
| 44910 | Трош.услуги од АПВ | 126.738.367,00 | 80.360.322,00 | 46.378.045,00 | 157,71 |
| 44930-44933 | Трош.за дневен печат,струч.списанија, огласи | 350.469,00 | 327.476,00 | 22.993,00 | 107,02 |
| 44990 | Др.неспом.нематер.трош. | 173.077,00 | 185.419,00 | -12.342,00 | 93,34 |
| 44911 | Здравствени услуги | 115.850,00 | 0,00 | 115.850,00 | 100,00 |
| | **Вкупно:** | **152.767.987,00** | **106.532.435,00** | **46.235.552,00** | **143,40** |

Зголемувањето се должи на:

Зголемени трошоци за времено ангажираните вработени преку агенцијата за привремени вработувања за 46.378.045,00 денари, односно за 57,71%. Просечниот број на времено ангажирани работници во периодот I-IX-2024 год. изнесува 336 работници (2023 год – 232 работници) и е поголем за 104 работници во однос на минатата година.

Зголемени трошоци за 29,44% има кај премиите за осигурување и кај банкарските услуги за 43,20%.

Во оваа група на трошоци бележиме намалување кај следните позиции:

Намалени трошоци за 15,29% за сметководствени и финансиско-правни услуги, како и кај трошоците за репрезентација и спонзорство за 97,81%.

Намалување има и кај трошокот за персонален данок за исплата на регрес за 2023 година, бидејќи регресот со пресметаниот персонален данок се искажани на резервирани обврски кон вработените во 2023 година а истиот се исплати во тековниот период.

**4.Трошоци за вработени** ги опфаќаат нето платите и надоместоците за редовно вработените лица, персоналниот данок од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за вработување и за ангажираните лица за спроведување на програмата за дополнителни активности. Трошоците во 2024 година изнесуваат 451.214.118,00 денари и

исплатените казнени камати за ненавремено подмирување на доспеани обврски кон добавувачите, а тоа е резултат на намалената наплата и континуираниот недостиг на финансиски средства за редовно сервисирање на обврските.

## ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

Како резултат на остварените поголеми расходи во однос на остварени приходи за периодот I-IX-2024 год. претпријатието има остварено загуба пред оданочување во износ од 32.435.637,00 денари и во однос на истиот период од 2023 година е намалена за 52,68%.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА 30.09.2024

| К-то | ПОЗИЦИЈА | 2024 | 2023 | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **АКТИВА** | **1.360.034.170,00** | **1.300.196.360,00** | **59.837.810,00** | **104,60** |
| **1.** | **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **780.827.312,00** | **856.470.821,00** | **-75.643.509,00** | **91,17** |
| **008 030** | НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 1.290.981,00 | 2.861.903,00 | -1.570.922,00 | 45,11 |
| **010- 019** | МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 777.644.837,00 | 851.754.140,00 | -74.109.303,00 | 91,30 |
| **030- 039** | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 1.891.494,00 | 1.854.778,00 | 36.716,00 | 101,98 |
| **2.** | **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **574.707.475,00** | **439.647.542,00** | **135.059.933,00** | **130,72** |
| **кл.3 кл.6** | ЗАЛИХИ | 29.143.181,00 | 32.130.098,00 | -2.986.917,00 | 90,70 |
| **кл.12 - кл.15** | ПОБАРУВАЊА | 519.458.763,00 | 369.259.080,00 | 150.199.683,00 | 140,68 |
| **кл.10** | ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | 26.105.531,00 | 38.258.364,00 | -12.152.833,00 | 68,23 |
| **3.** | **ПЛАТЕНИ ТРОШ.ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМ.ПРИХОДИ (АВР)** | **4.499.383,00** | **4.077.997,00** | **421.386,00** | **110,33** |

Во **Извештајот за финансиска состојба**, **активата** на претпријатието, во која влегуваат нетековните средства, тековните средства и пресметаните приходи за идни периоди, е **зголемена за 4,60%.**

- **нетековните средства** се намалени за **8,83%** како резултат на пресметаната амортизација на основните средства и намалени средства поради спроведениот расход по пописот од 2023 година и неможноста за нови инвестиции во истите;
- зголемени **тековните средства** за **30,72%** како резултат на:
- побарувањата кои се зголемени за 40,68%

| | ЗАЛИХИ | 2024 | 2023 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **310** | МАТЕРИЈАЛИ НА ЗАЛИХА | 4.986.558,00 | 8.040.735,00 | -3.054.177,00 | 62,02 |
| **320** | РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | 14.949.904,00 | 17.946.597,00 | -2.996.693,00 | 83,30 |
| **350** | СИТЕН ИНВЕНТАР НА ЗАЛИХА | 8.375.750,00 | 4.851.624,00 | 3.524.126,00 | 172,64 |
| **354** | АВТО ГУМИ | 830.969,00 | 1.291.142,00 | -460.173,00 | 64,36 |
| **660** | СТОКИ НА СКЛАД | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Вкупно** | **29.143.181,00** | **32.130.098,00** | **-2.986.917,00** | **90,70** |

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03 - 2985 / 1
Дата/data 05.11.2024

**1. Долгорочните резервирања за ризици и трошоци** за првпат се појавуваат во билансот а се однесуваат за извршени резервирања по основ на регрес за 2023 година и тужби од вработени за неисплатени регреси од минати периоди.
2. **Долгорочните обврски** по основ на одобрениот долгорочен кредит се намалени за 16,85%, бидејќи обврските за 2024 година се прекнижени на краткорочни обврски по заеми и кредити.
**3. Краткорочните обврски** се зголемени за **91,60%,** а ги опфаќаат обврските спрема добавувачите, вработените по основ на личен доход, обврски по основ на даноци кон државата и обврски по заеми и кредити.

- **обврските спрема добавувачите** се зголемени за **115,43%**, како резултат на повисоки цени на услугите кои ги користи претпријатието и недостигот на финансиски средства за редовно сервисирање на истите.

- за **4,73%** се намалени **обврските кон вработените** по основ на личен доход, надомести, придонеси и данок од личен доход, а се резултат на намалување на бројот на редовно вработени.

- зголемување од **24,69%** има кај **тековните даночни обврски** што произлегува од месечната обврска за 09/2024 година по основ на данокот на додадена вредност која е редовно подмирена во законскиот рок до 25.10.2024 година.

4. Намалување од 11,81% има кај **приходите за идни периоди** кои произлегуваат од добиени донации од Град Скопје во минати периоди, намалени за делот на пресметаната амортизација и намалени средства кои се расходовани во 2023 година.

Јавното претпријатие Комунална хигиена - Скопје на 30.09.2024 година оствари негативен финансиски резултат – **загуба пред оданочување** во износ од 32.435.637,00 денари која во однос на состојбата на 30.09.2023 година е намалена за 52,68%.

## 3. НАПЛАТА НА УСЛУГИТЕ

### 1.НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА ОД ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА ПО ОСНОВ НА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

ЈП Комунална хигиена најголем процент од приходот го остварува од својата основна дејност, а тоа е приходот остварен од фактурирање за услугите за собирање и транспортирање на комунален отпад од физички лица и стопански субјекти на територијата на Град Скопје и од рурални средини. Покрај основната дејност Претпријатието остварува приход и од дополнителни дејности (наемнина и подигнување на контејнери од 1,1 м$^3$ и 5 м$^3$ од правни и физички лица, чистење септички јами, подигање на шут и земја, изнесување на кабаст отпад, приходи од подигнување на умрени и згазени животни, расчистување диви депонии и приход од продажба на селектиран отпад).

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03 - 2985 / 1
Дата/data 05.11.2024

Процентот на кумулативната наплата за разгледуваниот период 2024 година (3,08%) во однос на минатата година (4,50%) бележи намалување за 1,42 процентни поени.

| К-то | 01.01 - 30.09.2024 | Вкупно тужени | Наплатено | Процент на наплата |
|---|---|---|---|---|
| 1206 | Правни лица | 466.225.207,00 | 17.741.521,00 | 3,81 |
| 12062 | Домаќинства - Рурални | 81.768.673,00 | 1.654.779,00 | 2,02 |
| 12063 | Домаќинства-КХС | 121.674.290,00 | 546.298,00 | 0,45 |
| 12060 | Домаќинства -Водовод | 667.691.694,00 | 21.223.255,00 | 3,18 |
| | **Вкупно:** | **1.337.359.864,00** | **41.165.853,00** | **3,08** |

| К-то | 01.01 - 30.09.2023 | Вкупно тужени | Наплатено | Процент на наплата |
|---|---|---|---|---|
| 1206 | Правни лица | 475.163.626,00 | 34.435.522,00 | 7,25 |
| 12062 | Домаќинства - Рурални | 84.016.398,00 | 1.544.307,00 | 1,84 |
| 12063 | Домаќинства-КХС | 115.276.157,00 | 1.068.791,00 | 0,93 |
| 12060 | Домаќинства -Водовод | 644.149.413,00 | 22.266.361,00 | 3,46 |
| | **Вкупно:** | **1.318.605.594,00** | **59.314.981,00** | **4,50** |

| | | |
|---|---|---|
| **Индекс 2024-2023** | **101,42** | **69,40** |

Изготвиле:
Елена Дудулоска
Емилија Владимирова

Предлагач:

**в.д Директор Јетон Незири**